Република Северна
Македонија
Државен завод
за статистика

**Предмет: Имплементација на нов начин на прибирање на податоците со образецот ВОИ-20**

Почитувани,

Сакаме да ве информираме дека Државниот завод за статистика (ДЗС), во соработка со Министерството за дигитални трансформации (МДТ), имплементира нов начин на онлајн прибирање на податоците со образецот ВОИ.20 преку услуга поставена на Националниот портал за е-услуги.

До услугата може да се пристапи директно на линкот: https://uslugi.gov.mk/service/obrazec-za-zapishani-studenti-na-dodiplomski-studii-na-fakultetite-i-visokite-struchni-shkoli-voi-5793 или со скенирање на QR-кодот:

Секој студент со активен кориснички профил на ниско ниво може да го пополни образецот и притоа од системот ќе добие два официјално потврдени документи со електронски печат на ДЗС:

1. Генериран образец и
2. Потврда за успешно доставен образец.

Студентите се должни овие документи да ги достават електронски или лично до факултетите.

Овој начин ќе биде примарен за прибирање на податоците оваа учебна година бидејќи овозможува квалитетни, веродостојни и навремено прибрани информации. Како исклучок, употребата на хартиен образец е дозволена само за студентите што немаат активен профил на порталот и/или не можат да се најават на истиот.

По завршувањето на уписот во зимскиот семестар, секој факултет/висока стручна школа е должен да достави до ДЗС табеларен преглед на студентите со следните податоци:

- матичен број на студентот,
- име и презиме,
- број на индекс,
- факултет,
- студиска програма/насока и
- начин на аплицирање (електронски или хартиен).

Ве молиме најдоцна до 30 октомври 2025 година да го доставите бараниот преглед заедно со хартиените обрасци.